Уп. бр. 10-68

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14 и 53/16) и член 124 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) постапувајќи по предлогот за огласување на решение за ништовно доставен од Владата на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, застапувана од Директорот Александар Младеновски на седница одржана на ден 22.07.2020 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Предлогот Уп.бр. 10-68 од 06.07.2020 година (бр. 13-841/1 од 29.06.2020 година) на Владата на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони инвестиции застапувана од Директорот Александар Младеновски за огласување за ништовно на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр. 10-73 од 17.12.2015 година, СЕ ПРИФАЌА.
2. Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр. 10-73 од 17.12.2015 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ ИСТОТО ВООПШТО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ.

## Образложение

Владата на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во понатамошниот текст: Дирекцијата) на ден 06.07.2020 година достави допис со барање до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) да го огласи за ништовно Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр. 10-73 од 17.12.2015 година.

Во дописот, Дирекцијата наведува дека во име на Владата на Република Македонија Дирекцијата склучила Договор за доделување на државна помош со Друштвото за производство, трговија, преработка и услуги Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Скопје бр.03-1855/1 од 03.12.2015 година, во технолошко индустриската рзвојна зона Скопје 1.

Во допосот, Дирекцијата наведува дека Договорот за доделување на државна помош и Анексот бр 1 кон договорот е раскинат со Известување бр. 09-468/2 од 27.04.2020 година.

Имено, потребата за раскинување на овој Договор е преземањето на Друштвото за производство, трговија, преработка и услуги Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Илинден од страна на Друштвото Инотек ДОО (Германија), а воедно Друштвото за производство, трговија, преработка и услуги Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Илинден го менува својот назив во Друштво за производство, трговија, преработка и услуги Ипротекс технички текстил ДООЕЛ Илинден кое ќе ја врши дејноста на Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Илинден – производство на друг технички текстил и производство на вештачки влакна.

Во дописот од Дирекцијата е наведено дека друштвото има раскинат Договор за вршење на дејност во технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и му е укинато решението за започнување со работа во технолошки индустриската развојна зона, не може да го реализира правото да му биде доделена државна помош врз основа на Договорот за доделување на државна помош, согласно член 4-а став 1 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Исто така, наведено е дека Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште нема да биде раскинат и за истиот е отпочната постапка со која се бара согласност од Владата на Република Северна Македонија за склучување на анекс кон Договорот за закуп на градежно земјиште со кое се менува називот на закупопримачот, како и дејноста која ќе ја врши новата компанија.

Токму затоа, се појавува потребата за раскинување на Договорот за доделување на државна помош бр. 03-1855/1 од 03.12.2015 година, склучен помеѓу Дирекцијата, во име на Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија, преработка и услуги Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Скопје.

По разгледување на предлогот за огласување на Решението на Комисијата за ништовно и останатата документација поднесена од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Комисијата утврди дека:

Комисијата со Решение Уп.бр.10-73 од 17.12.2015 година утврдила дека мерките содржани во Известувањето за планирано доделување на помош и дополнителните информации за формата за известување за регионална помош претставуваат доделување на државна помош како регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10), при што доделувањето на истите е дозволено.

Едностраното раскинување на договорот за државна помош нема да произведе фискални импликации за било која договорна страна, односно не се предвидени договорни пенали во договорот доколку корисникот на помошта Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Скопје не ја исполни инвестициската обврска во износ и рок. Воедно компанијата не примала државна помош и притоа не започнала со сериско производство во Технолошки индустриската развојна зона Скопје 1, а од Дирекцијата не се извршени исплати за државна помош на основ на Договорот.

Комисијата ова го прифаќа како причина заради која Решението на Комисијата УП.бр 10-73 од 17.12.2015 година воопшто не може да се изврши и истото го огласува за НИШТОВНО.

Врз основа на горенаведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**